**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**ВЕСНА ДОНЧЕВА**
**За подрачјето на Основните судови на град Скопје**
**Скопје, ул."Даме Груев" бр.28**

**Извод**

**ОДУ бр. 516/2022**

03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/
Во Скопје, во 10.00 (десет) часот

Јас Нотар Весна Дончева од Скопје со службено седиште на ул."Даме Груев" бр.28, надлежна за подрачјето на Основните судови во Град Скопје, потврдувам дека на Барање од Шпаркасе Банка АД Скопје присуствував на 52-та седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје кое се одржа на ден 03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/ (Среда), со почеток во 10.00 (десет) часот во седиштето на Банката на ул."Орце Николов " бр.54 во Скопје.-------------
Откако утврдив дека се исполнети условите за презмање на ова службено дејствије врз основа на член 92 од Законот за нотаријат, одредбите од Законот за Трговски друштва и член 8 и 9 од Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи го составив следниот-----------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**--------------ЗАПИСНИК ОД 52-та СЕДНИЦА НА АКЦИОНЕРСКОТО СОБРАНИЕ НА----------------**
**-----------------------------------ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ ------------------------------------------**
**------------------------------------------------од 03.08.2022 година ---------------------------------------------**
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 10:00 (десет часот).------------------------------------------------------
Пред отпочнување на Собранието на мое барање ми беше предочено:-------------------------------------------
-**Тековната состојба** на Шпаркасе Банка АД Скопје електронски издадена од Централен Регистар на РСМ на денот на одржување на Собранието под број 0805-50/150020220192582/**прилог А** кон овој записник/ од која утврдив дека Друштвото е запишано во Централен Регистар на РСМ со ЕМБС 4558669, со седиште на ул."Орце Николов" бр.54 Скопје-Центар, застапувано од овластените лица Алвин Аличевиќ член на Управен Одбор, Нина Неданоска Заменик претседател на Управен Одбор и член на Управен одбор и Санел Кустурица- Претседател на Управен Одбор, и член на Управен Одбор;------------- -
-**Повик за учество на собрание на акционери** објавен во дневното гласило Нова Македонија на 02.-03.07.2022 година **/прилог Б** на овој записник/ со која се повикуваат акционерите да присуствуваат на 52-та седница на Собранието на акционери на Банката која ќе се одржи на ден 03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/ со почеток во 10,00 /десет/часот во седиштето на Банката на ул."Орце Николов " бр.54 во Скопје.-----------------------------------------------------------------
-**Акционерската книга** на Шпаркасе Банка АД Скопје, издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност печатена на ден 01.08.2022 година /ден први, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/ во 11:21:06 часот, под ИСИН број MKINBA101012, ИБ на правно лице 04558669, Вид: обични акции, номинална вредност по ХВ: 2670 МКД, вкупен број на ХВ: 1677443, вкупен номинален капитал: 4478772810 МКД, број на иматели: 457, број на сопственички позиции:463, со вкупно запишани 1677443 обични акции со 1677443 број на гласови, со состојба 48 часа пред одржувањето на седницата /**прилог В** кон овој записник/-------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Пријава** за учество на 52-та Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје од Steiermärkische Bank und Sparkassen AG банка во Австрија со регистрирано седиште на Шпаркасенплац број 4, 8010 Грац, Австрија регистрирана во Трговскиот регистар на Р. Австрија со единствен матичен број ФН 34274д, мнозински акционер во Шпаркасе Банка АД Скопје со сопственост 1.605.244 обични акции, за учество на 52-вата Седница на Собранието на Акционери на Шпаркасе банка АД Скопје закажана за 03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/ во 10,00

/десет/ часот преку овластениот полномошник Наташа Трпеноска Тренчевска или Јелена Саздовска **/Прилог Г и Д** на овој записник/---------------------------------------------------------------------------------------
**-Полномошно** за учество на Акционерското собрание на акционери Шпаркасе Банка АД Скопје од Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт, ФН 34274 д, со седиште на Шпаркасенплац број 4, 8010 Грац, Австрија дадено од овластените лица г-дин м-р Герхард Маер и г-дин Славиша Којиќ овластени правно обврзувачки заедно да го застапуваат друштвото заверено под рег.број 1460/22 од 20.07.2022 година од Нотар Д-р Петер Венгер од Грац, Штаерска Р.Австрија и превод на истото од германски јазик на македонски јазик од овластен судски преведувач Мартина Георгиевска заверено од нотар Весна Дончева под УЗП бр.5258/2022 од 03.08.2022 година со кое се овластуваат Наташа Трпеноска Тренчевска или Јелена Саздовска во име на акционерот да учествуваат на 52рата седница на акционерското собрание на Шпаркасе Банка АД Скопје закажано на 03.08.2022 година и полноважно да гласаат за точките од дневниот ред согласно дадените инструкции.-**прилог Ѓ и Е** на овој Записник.---------
**-Список** на присутни акционери на Собранието на акционери на Банката кое се одржа на 03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/ кој содржи реден број, матичен број, Име/Назив, Презиме, број на акции и потпис -**прилог Ж** на овој записник-----------------------------------
**-Извештај** со број на присутни акционери изразен процентуално врз основа на пребројувањата на гласовите Шпаркасе Банка АД Скопје-**прилог З** кон овој записник--------------------------------------------------
Од наведениот список по неговата верификација и од увидот во извештајот утврдив дека на седницата на Собранието од вкупно запишани акционери кои поседуваат вкупно 1.677.443, (еден милион шестотини седумдесет и седум илјади четиристотни четириесет и три) обични акции, на седницата на Акционерско Собрание на Банката присуствува еден акционер кој поседува вкупно 1.605.244 (еден милион шестотини и пет илјади двесте четириест и четири) обични акции со право на глас што процентуално преставува 95,69% (деведесет и пет запирка шеесет и девет проценти).---------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието започна во 10,00 часот /десет часот/ и истото го отвори г-ѓа Јелена Саздовска како преставник на мнозинскиот акционер, а во отсуство на претседавачот од претходното собрание на акционери. За работата на Собранието доставен е следниот предлог на:---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**-------------------------------------------------------
1.Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови;----------------------------------------------
2.Разгледување на Записник од 51-та седница на Собранието на акционери;-----------------------------------------
3.Предлог -Одлука за зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од 21-ва емисија по пат на приватна понуда на институционален инвестиор---------------------------------------
4.Предлог -Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.---------------------
5.Предлог-Одлука за именување на член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.------------------
6.Предлог-Одлука за утврдување на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија).-------------------------------------------------------------------------------------
7.-Предлог Одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Јелена Саздовска ги поздрави присутните преставници на Шпаркасе Банка АД Скопје како и присутните гости и тоа г-ѓа Нина Неданоска Заменик претседател на Управен Одбор, г-ѓа Олгина Спасевска – Генерален Секретар, г-ѓа Маја Камчева Ставрова – Самостоен соработник за корпоративно управување, како и моето присуство како нотар-записничар на денешното Собрание на акционери. --------
Г-ѓа Јелена Саздовска констатира дека во законски определениот рок по јавно објавениот повик во весникот „Нова Македонија„ и web страната на Банката за одржување на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, материјалите за Собранието биле достапни за сите акционери. Потоа се пристапи кон процедуралниот дел од дневниот ред.-------------------------------------------------------------------
**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------------
**Избор на Претседавач на Собранието, записничар и бројач на гласови;**----------------------------------
Согласно Законот за трговски друштва, пред да се пристапи кон усвојување на дневниот ред како предлог за претседавач за ова Собрание од страна на доминантниот акционер Steiermärkische Bank und Sparkassen AG преку полномошникот г-ѓа Јелена Саздовска ополномоштена врз основа на полномошно издадено од

акционерот Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт беше предложена г-ѓа Јелена Саздовска и истата едногласно беше избрана за претседавач на денешното собрание.-------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека за претседавач на седницата на Акционерското Собранието на Шпаркасе Банка АД Скопје, едногласно е избрана Г-ѓа Јелена Саздовска.**-------------------------------------------
Претседавачот се заблагодари на довербата и при тоа нагласи дека и е особена чест и задоволство да ја води 52-вата седница на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје. -------------------------
Претседавачот нагласи дека не е потребно да се избере записничар и заверувач на записникот со оглед на тоа дека е присутен Нотар согласно Законот за трговски друштва и ги информираше присутните дека се води Записник во форма на јавна исправа од мене нотар Весна Дончева од Скопје, надлежна за подрачјето на Основните судови на град Скопје, заради потврдување на одлуките од Седницата.-------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека претседавачот констатираше дека е избран Нотар Весна Дончева кој ќе ги потрди донесените одлуките во Записникот за 52-то Собрание на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје.**--------------------------------------------------------------------------------------------
По однос на бројач на гласови, Претседавачот ја предложи Маја Камчева Ставрова вработена во Шпаркасе Банка АД Скопје. Со оглед на тоа што други предлози немаше, Маја Камчева Ставрова едногласно беше избрана за бројач на гласови на денешното собрание.----------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека за бројач на гласови на седницата на Акционерското Собранието на Шпаркасе Банка АД Скопје, едногласно е избрана - Маја Камчева Ставрова.**-----------------------------
Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред, а во законски предвидениот рок нема доставено ниту еден предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.-----------------------------------------------
**Утврдување на кворум**-----------------------------------------------------------------------------------------------
Пред да се пристапи кон работниот дел на седницата претседавачот **Г-ѓа Јелена Саздовска** изврши увид во Списокот на акционери, со број на акции и врз основа на извештајот констатира дека се исполнети условите за полноважно одржување на седницата и обезбеден е потребниот кворум за работа. По ова претседавачот го стави предложениот дневен ред на гласање.-----------------------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот едногласно е усвоен од присутните акционери. Воздржани и против немаше.**----------------------------
Претседавачот предложи седницата на собранието да продолжи со работа по останатите точки од предложениот дневен ред.-------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 2.**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**2./два/ Разгледување на Записник од 51 седница на Собранието на акционери** ---------------------------
Преседавачот нагласи дека Записникот од претходната 51-тата седница на Собранието во пропишаниот рок по одржувањето на седницата уредно е проследен до надлежните институции и достапен е на web страната на Банката за сите акционери и заинтересирани страни и **ПОТВРДУВАМ** дека по однос на предложената точка, претседавачот констатираше дека го разгледаа и го усвоија------------------------------
**-----------------------------Записникот од 51-та седница на Собранито на акционери-------------------------**
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 3.**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**3./три/ 3.Предлог -Одлука за зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од 21-ва емисија по пат на приватна понуда на иснтитуционален инвестиор**----------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната**---------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**-----------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------**
**-------За зголемување на основна главнина со издавање на обични акции со право на глас од ------**
**-----------------21та емисија по пат на приватна понуда на институционален инвеститор -----------------**

1.Шпаркасе Банка АД Скопје (во натамошниот текст Банката) со адреса на ул.Орце Николов бр.54, 1000 Скопје ќе изврши зголемување на основната главнина со издавање на 417.972 нови обични акции со право на глас, во вкупен номинален износ од 1.115.985.240,00 денари, наменети за институционален инвеститор.---------------------------------------------------------------------------------
2.Издавањето на акциите ќе се врши по пат на приватна понуда. -----------------------------------------------
3.Намената на емисијата е зголемување на основната главнина на Банката со нови уплати од страна на постојниот акционер „Штајермеркише банк унд Шпаркасен АДг (вСтенермаркисцхе Банк унд Спаркассен АГг) од Грац, Австрија, заради одржување на соодветно ниво на стапка на редовен основен капитал и стапка на основен капитал, како и заштитните слоеви на капиталот пропишани со Закон за банки и подзаконската регулатива.----------------------------------------------------
4.Износот на ново запишаните акции е дел од редовниот основен капитал на Банката.------------------
5.Номиналната вредност на една акција изнесува 2.670,00 денари, додека вкупната номинална вредност на акциите што се запишуваат изнесува 1.115.985.240,00 денари.------------------------------------
6.Продажната вредност на една акција изнесува 2.938,00 денари, додека вкупната продажна вредност на акциите што се запишуваат изнесува 1.228.001.736,00 денари.-------------------------------------
7.Една акција носи еден глас.----------------------------------------------------------------------------------------------
Акциите гласат на име. --------------------------------------------------------------------------------------------------
8.Сопствениците на обичните акции со право на глас ги имаат следните права:---------------------------
право на глас во собранието;-------------------------------------------------------------------------------------------
право на исплата на дел од добивката-дивиденда, која исплата ќе се врши согласно применливата законска регулатива;--------------------------------------------------------------------------------------------------------
право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата односно стечајната маса на Банката. ------
Правата и обврските од акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.---------------------------------------------------------------------
9.Сопственикот на акциите од 21-та емисија ги стекнува своите права и обврски од акциите предвидени со законските прописи, Статутот на Банката и актот за нивно издавање со денот на уписот во Акционерската книга на Банката во Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
10.Запишувањето и уплатата на акциите ќе се врши во седиштето на Банката на улица Орце Николов бр. 54 во Скопје, во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението за одобрување на емисијата од Комисијата за хартии од вредност.-------------------------------------------
11.Паричните средства од запишаните акции се уплатуват во денари на сметката на банката одеднаш. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
12.Банката не поседува приоритетни акции. ----------------------------------------------------------------------
13.Соопштението за издавање акции по пат на приватна понуда, ке се објави на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, првиот ден по конечноста на решението за одобрение за издавање на акции по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност. ----------------------------------------------------------------------
14.Шпаркасе Банка АД Скопје во рок од 5 (пет) работни дена од завршување на приватната понуда за издавање акции, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и ќе објави известување за јавноста за бројот на запишани и уплатени акции односно за процентот на реализација на приватната понуда на акции.-------------------------------------------------------------------------------------------------
15.Купувач на акциите од 21та емисија е постојниот акционер на Банката, кој воедно е и институционален инвеститор - Банката Штајермеркише банк унд Шпаркасен АД (Стенермаркисцхе Банк унд Спаркассен АГ), со седиште на Шпаркассенплатз 4 (Спаркассенплатз 4), 8010 Грац, Австрија. ------------------------------------------------------------------------------------------

**16.Емисијата на обичните акции и зголемувањето на основната главнина на Банката се врши на начин утврден со законската и подзаконската регулатива.-----------------------------------------------------------**
**17.За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот на Банката и позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.----------------------------------------------------**
**18.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се спроведе во рок од 6 (шест) месеци од денот на донесувањето. ---------------------------------------------------------------------------------------**
**19.Се овластува Надзорниот Одбор на Банката, по евентуално барање на Комисјата за хартии од вредност, да може да врши одредени измени и дополнувања на оваа одлука во постапката на добивање одобрение за зголемување на основната главнина на Банката со издавање на нови акции од 21-та емисија по пат на приватна понуда.------------------------------------------------------------------------**
**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**Точка 4.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**4./четири/ 4.Предлог -Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната------------------------------**
**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**--------------------------------------------------О Д Л У К А--------------------------------------------------**

**---------- за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.---------------**

Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје бр.43652/1-10 од 25.05.2022 година, се вршат следните измени и дополнувања:-----------------------------------------------------------------------

1) Во член 2, став 4 се менува и гласи како што следи:-----------------------------------------------------------

2) "Седиштето на Банката се наоѓа во Скопје на адреса ул.Васил Иљоски бр.14 Скопје."-------------------

3) Член 7 се менува и гласи како што следи:-----------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------**член 7**-------------------------------------------------------

Номиналниот износ на почетниот капитал (основна главнина) на Банката изнесува 5.594.758.050,00 денари и истиот е поделен на 2.095.415 обични акции на име со номинална вредност од 2.670,00 денари по една акција.--------------------------------------------------------------------------------------------------
Банката може да издава обични и приоритетни акции.---------------------------------------------------------
Една акција има право на еден глас во Собранието на Банката.------------------------------------------------

4) Во член 47, став 1, бројот 6 (шест) се менува со бројот 7 (седум).---------------------------------------------

5) Во член 50, став 7, реченицата "Во случај на поделба на гласовите гласот на Претседателот, а во негово отсуство Заменик претседателот е одлучувачки." се брише.--------------------------------------------

6) Во член 65 во ставот 3, по зборот "распределени" се додаваат зборовите "со овој Статут".-------

7) Во член 65, став 4, по зборот „Претседателот„ запирката се брише и се додава зборот „и„. Во истата реченица зборовите "и Членовите" се бришат.-------------------------------------------------------------

8) Во член 65, став 5, во алинеа 1 се додава нова реченица која што гласи: ---------------------------------

"Во однос на координацијата на внатрешна ревизија, Претседателот обебедува непречено работење на внатрешната ревизија, односно осигурува дека внатрешната ревизија има пристап до документацијата и до вработените на Банката, со цел за непречено спроведување на нејзините активности;"------------------

9) Во член 65, став 5, во алинеа 3, зборовите “Еден член“ се заменуваат со зборовите “Третиот член“.------------------------------------------------------------------------------------------

10) член 70 се брише.------------------------------------------------------------------------------------------

11) член 71 којштo сега станува член 70 се менува како што следи:------------------------------------------

------------------------------------------------------**Член 70**------------------------------------------------------

“Членовите на УО се законски застапници на Банката.------------------------------------------------------

Банката во секое време ја застапуваат било кои двајца членови на Управниот Одбор, заеднички.“-----------

12) Членот 72 сега станува член 71, а останатите членови до член 105 се ренумерираат соодветно и последователно.------------------------------------------------------------------------------------------

13) Во членот 93 кој сега станува член 94, во ставот 3, зборовите “по претходно добиена согласност на Народната банка“ се бришат. Во истиот став, во продолжение се додава нова реченица која гласи: “Банката е должна да поднесе барање и да добие претходна согласност од Гувернерот за измена и/или дополнување на Статутот на Банката“. ------------------------------------------------------------------------

14) Во глава XXIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ се додава нов член 105 кој гласи:-----------

------------------------------------------------------**Член 105**------------------------------------------------------

“За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од позитивните законски и подзаконски прописи.“------------------------------------------------------------------------------------------

15) член 106 се менува и гласи како што следи:------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------**Член 106**------------------------------------------------------

“Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот од 25.05.2022 година.”------------------------------------------------------------------------------------------

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.------------------------------------------------------------------------------------------
2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.-------------
3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 5.**------------------------------------------------------------------------------------------

**5./пет/ Предлог-Одлука за именување на член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.**---
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната**--------------------------------

------------------------------------------------**О Д Л У К А**------------------------------------------------

---------------- **за именувње на член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.**----------------

1. **Со оваа Одлука Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, го именува д-р Глигор Бишев за член на Надзорниот одбор на Банката.**--------------------------------
2. **Се предлага мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука да започне на 01.01.2023 година и да трае до 16.11.2024, со цел хармонизација со мандатите на мнозинството од членовите на Надзорниот одбор.** --------------------------------------------

3. **На членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука му припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.------------------------------------------------------------------------**
4. **Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка за промена на бројот членови на Надзорниот одбор на Банката и издавање на согласност за именување на Бишев за член на Надзорен одбор.---------------------------**

---

**Точка 6.----------------------------------------------------------------------------------------------------**

**6./шест/ 6.Предлог-Одлука за утрдување надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје (Надзорен одбор и одбор за ревизија.--------------------------------------------------**

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија, Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната-----------------------------**

**------------------------------------------О Д Л У К А------------------------------------------**

**-----------------за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на -----------------**

**----------------------------------------Шпаркасе Банка АД Скопје ----------------------------------------**

**-------------------------------(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)-------------------------------**

1. Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за работа на членовите во Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје. ------------------------------------
2. На членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата). -------
3. На Претседателот на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје му се определува дополнителен годишен фиксен нето надоместок во висина од 6.000 ЕУР (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).----------------------------------------------------------------
4. На членовите на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 3.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Одборот за ревизија, и дополнителни 300 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата). ---------
5. На членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија кои се номинирани од страна на акционерот и истовремено се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје. На сите останати членови им следува надомест како што е утврден со оваа Одлука.-----------------------------------------------------------
6. На членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката не им се исплатува дополнителен надомест за одлучување без одржување на седница преку давање на писмена согласност на одлуките кои што се донесуваат.---------------------------------------------------------------------------------
7. Пропорционален дел од фиксниот нето годишен надоместок, како и дополнителниот нето надоместок на членовите кои присуствувале на одржана седница, ќе се исплатува на месечна основа.-------
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи Одлуката со број 22832/1-13 донесена на 28.05.2018 година од страна на Собранието на акционери.---------

---

**Точка 7.----------------------------------------------------------------------------------------------------**

**7./седум/ Предлог Одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје.-------------------------------------------------------------------------------------**

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната-----------------------------**

**------------------------------------------О Д Л У К А------------------------------------------**

**за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------**

1. **Со оваа Одлука се усвојува Деловникот за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје.---------------------------------------------------------------**
2. **Текстот на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје претставува прилог и составен дел од оваа Одлука.---------------------------------**
3. **Одлуката стапува на сила со денот на донесување со што престанува да важи Одлуката број 24009/1-12 од 30.05.2017 година.---------------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на 52-та седница од Собранието на Акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 11:00 часот /единаесет часот/. ---------
Потврдувам дека овој записник лично го составив и истиот заедно со прилозите го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.--------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавач г-ѓа Јелена Саздовска __с.р________________________________________**
Записникот е составен на 8/осум/ страни на 8/осум/листа.-----------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ---------------------------
Записникот е составен во шест примероци од кои пет се предадени на Шпаркасе Банка АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.-----------------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена и уплатена на Буџетот на РСМ. ---------------------------
Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и трошоци во износ од 1.200,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.-----------------
ОДУ бр.516/2022------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 03.08.2022 година /ден трети, месец Август, година две илјади и дваесет и втора/-----------------

**Нотар Весна Дончева**

Јас НОТАР, ВЕСНА ДОНЧЕВА

ул. Даме Груев бр.28 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 516/22

Во Скопје, 03.08 2022 година НОТАР,

(потпис и печат)